## Целта е да се разубави Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Министерството за култура остро реагира на објавениот текст насловен како „Скулптури никнуваат како печурки“ во „Утрински весник“ на 8.4.2009 година. Цениме дека во текстот пласирате неаргументирани и непроверени информации.
Начинот на функционирање на Министерството за култура е транспарентен и во таа смисла законското поставување на скулптурите на централното градско подрачје, согласно со процедурите, во ниту еден случај не може да се толкува како „никнување печурки“.
Ве потсетуваме дека Министерство за култура, согласно со Законот, на 6.3.2008 година распиша конкурс за избор на 35-те скулптури што ќе се постават во централното градско подрачје. Идејните решенија на уметниците ги евалуираше стручна комисија составена од експерти, професори од Архитектонскиот факултет и еминентни скулптори.
Министерството за култура по изборот на идејните решенија организираше прес-конференција на која беа изложени макетите од избраните скулптури.
Во контекст на насловот на вашиот текст „Скулптури никнуваат како печурки“, сакаме да потенцираме дека Министерството за култура поставувањето на скулптурите го врши во согласност со законските процедури, Деталниот урбанистички план и дозволата што ја имаме добиено од Општина Центар.
Досега промовиравме пет скулптури, а во тек се геомеханичките истражувања на платоата каде што ќе се постават другите скулптури согласно со Деталниот урбанистички план, кои ќе ги промовираме до крајот на неделава и за кои навремено ќе бидат информирани медиумите и јавноста.
Сметаме дека со реализацијата на овој проект го надополнивме евидентниот недостиг од скулптурата како решение на централното градско подрачје.
Целта ни беше да се разубави градот, да се облагороди просторот и да се внесе разновидност во нашето секојдневје. За проектот 35 скулптури во централното градско подрачје се водеше исклучително транспарентна постапка, со која е запознаена јавноста.